Република Македонија
**Министерство за внатрешни работи**

Бр.15.2 – 5569/2
01.03.2013 година
Скопје

**ДО**
Фондација Метаморфозис
ул.„Апостол Гусларот„ бр.40
1000 Скопје

Министерство за внатрешни работи
Сектор за односи со јавност и информации од јавен карактер
Ул.Димче Мирчев бр.9
Скопје,
Тел. (02) 3231 557
Факс:(02) 3231 370
www.mvr.gov.mk

**ПРЕДМЕТ**: Одговор на барање.-
**Врска**: Ваш акт бр. 08 – 8 / 30 од 23.01.2013 година

Почитувани,

Во одговор на Вашиот акт, Ве известуваме дека меѓуинституционалната соработка со надлежните институции за борба против криминалот (Финансиска полиција и Царинска Управа на РМ) се остварува преку континуирана размена на податоци и оперативни сознанија и формирање на заеднички тимови за водење интегрирани истраги, со цел спречување и откривање кривични дела и обезбедување докази за сторителите на кривичните дела со елементи на организиран криминал. Соработката се одвива во координација со Јавниот обвинител. Во делот на размена на информации се вклучуваат и други државни институции (Управата за финансиско разузнавање и Управата за јавни приходи).

Меѓуресорска заедничка криминалистичка истрага се остварува по предлог на орган на државната управа или друга институција надлежна за гонење на извршители на

кривични дела од областа на организираниот криминал, а врз основа на склучен Меморандум за соработка, односно Протокол за соработка во кој се дефинира начинот на соработка, размената на информации и водењето на меѓуресорски заеднички криминалистички истраги.

Соработката со Управата за финансиска полиција е во делот на водење истраги од областа на финансискиот криминал, а соработката со Царинската Управа во најголем број на случаи се остварува во делот на водење на истраги од областа на недозволена треговија со дрога. Во изминатиот период остварени се поголем број на заеднички интегрирани истраги кои резултирале со поднесување на кривични пријави до надлежното Јавно обвинителство за гонење на организиран криминалл и корупција.

Меѓуресорската соработка е регулирана согласно Упатството за начинот на водење на криминалистички истраги во Полицијата во МВР од 09.07.2008 година.

Активностите околу спроведување на акциониот план за развој и имплемнтација на Националната база на разузнавачки податоци се сеуште во тек и не се завршени.

**НАЧАЛНИК НА ОДДЕЛЕНИЕ**
Борис Пешевски

СКОПЈЕ